*Прилог бр. 2*

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 04-1083/2
17.09 2015 год.
Скопје

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ) УМЕТНОСТ НА РЕНЕСАНСАТА - ОПШТА, УМЕТНОСТ НА БАРОКОТ - ОПШТА, УМЕТНОСТ НА КЛАСИЦИЗМОТ - ОПШТА, УМЕТНОСТ НА РОМАНТИЗМОТ - ОПШТА, УМЕТНОСТ НА РЕАЛИЗМОТ - ОПШТА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА И АРХЕОЛОГИЈА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, распишан на барање на Институтот за историја на уметноста и археологија на Филозофскиот факултет, објавен во весниците „Дневник“ и „Коха“ од 20 мај 2015 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини) Уметност на ренесансата-општа, Уметност на барокот-општа, Уметност на класицизмот-општа, Уметност на романтизмот-општа, Уметност на реализмот-општа, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 04-123/7, донесена на 03.07.2015 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Владимир Величковски, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Елизабета Димитрова, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје и д-р Сашо Коруновски, редовен професор на Факултетот за туризам во Охрид.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области (дисциплини) Уметност на ренесансата-општа, Уметност на барокот-општа, Уметност на класицизмот-општа, Уметност на романтизмот-општа, Уметност на реализмот-општа, во предвидениот рок се пријави професор д-р Татјана Филиповска.

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката проф. д-р Татјана Филиповска е родена на 24.04.1965 година, во Скопје. Средно образование завршила во Скопје во 1983 година. Со високо образование се стекнала на Институтот за историја на уметноста и археологија на Филозофскиот факултет во Скопје. Дипломирала на Институтот за историја на уметноста и археологија во 1987 година, со просечен успех 9.94. Како најдобар студент на Филозофскиот факултет во учебната 1986/87 година, Татјана Филиповска (тогаш Наумовска) ја добила наградата „Френк Манинг"(„26 јули"), која Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" ја доделува секоја година на најдобрите студенти на факултетите.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик и пасивно со италијанскиот јазик.

Во учебната 1987/1988 (2.12.1987) се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Катедрата за историја на уметноста на Филозофскиот факултет во Белград. Студиите ги завршила на истата катедра во 1996 година. На 17.05. 1996 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *„Венецијанското жанр-сликарство на XVIII век инспирирано од театарот"*, под менторство на проф. д-р Сретен Петковиќ.

Докторска дисертација пријавила на 15.06.2000 година на Институтот за историја на уметноста и археологија на Филозофскиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: *„Празничната сцена во венецијанското сликарство на* XVIII век" ја одбранила на 13.10.2005 година, пред Комисија во состав: Професор д-р Цветан Грозданов (академик), проф. д-р Крум Томовски (академик), проф. д-р Владимир Величковски, проф. д-р Антоанела Петковска и проф. д-р Елизабета Димитрова. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област Општа историја на уметноста на новиот век (Уметност на ренесансата-општа, Уметност на барокот-општа, Уметност на класицизмот-општа, Уметност на романтизмот-општа, Уметност на реализмот –општа).

На 22.02.2006 година е избрана во звањето доцент на Институтот за историја на уметноста и археологија на Филозофскиот факултет во Скопје во областа европска нововековна уметност.

Во моментот е вонреден професор. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр.994/83 од 2010 година.

Проф. д-р Татјана Филиповска работи на Институтот за Историја на уметноста и археологија на Филозофскиот факултет во Скопје од 31.05.1988 година, прво како стручен соработник (приправник), а потоа како помлад асистент на предметот „Општа историја на уметноста на новиот век". По одбраната на магистерскиот труд, на 27.11.1996 година кандидатката била избрана во звањето асистент на истиот предмет, а со одлука донесена на II седница на наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет, одржана на 1.12.1999 година е преизбрана во истото звање. На Институтот за историја на уметноста и археологија на Филозофскиот факултет во Скопје, Филиповска го минала сиот досегашен работен век, постепено и посветено градејќи ја академската кариера.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтените бр. 590/35, бр.669/54, бр.742/63, бр. 818/23, бр. 889/87 и последниот во бр. 994/83, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, на Институтот за историја на уметноста и археологија, на Филозофскиот факултет, кандидатката професор д-р Татјана Филиповска изведува настава и вежби и испити на прв, втор и трет циклус студии на студиската програма Историја на уметноста и на прв и трет циклус на студиската програма Археологија.

Според предметната програма од 2009/2010 година, професор д-р Татјана Филиповска во моментов ја одржува наставата по предметите *Историја на европската уметност на новиот век 1* и *Историја на европската уметност на новиот век 2*, кои студентите на прв степен студии ги слушаат во петтиот и шестиот семестар. Во седмиот семестар на студии, Филиповска предава *Европска уметност на XIX век* како изборен предмет. Според последните предметни програми за прв циклус, кандидатката Филиповска предава три задолжителни предмети: *Историја на европската нововековна уметност во епохата на ренесансата* (IV семестар), *Историја на европската нововековна уметност во епохата на барокот* (V семестар) и *Европска уметност во XIX век* (VI семестар); и два изборни, *Европската уметност низ призмата на класичната археологија* (IV семестар) и *Ренесансната и барокна уметност на Балканот* (V семестар). Покрај тоа што е еден од реализаторите на задолжителните предмети *Методологија на научноистражувачката работа* и *Историја на уметноста*, професор д-р Филиповска е реализатор на четири изборни предмети на насоката **Европска уметност** на студиите по Историја на уметноста од втор степен: *Европската уметност во епохата на ренесансата и маниризмот*, *Европската уметност од барокот до импресионизмот*, *Митологија, религија и идеологија во европската нововековна уметност* и *Книжевноста и ликовните уметности во новиот век*. Кандидатката е исто така ангажирана на докторските студии со право на менторство, како реализатор на предметот *Методологија на научноистражувачката работа* и на изборните предмети *Идеологијата и ангажираноста во европската нововековна уметност*, *Сликарството и сценските уметности во европскиот нов век* и *Венецијанското сликарство на XVIII век*. Најпосле, таа е еден од реализаторите на предметот *Европска визуелна култура*, изборен за докторандите на УКИМ.

Во периодот од последниот избор кандидатката проф. д-р Татјана Филиповска активно учествувала во подготовката на предметните програми на сите три циклуси студии. При тоа кандидатката вложила време, труд и знаење во реструктуирање на силабусите со цел нивно подобрување, а со воведувањето на нови предмети, задолжителни и изборни, најпосле се обезбеди континуитет во изучувањето на европската уметност на новиот век од сите нејзини аспекти, влијанија и различност. Повеќегодишниот напорен процес Филиповска го заокружила со обезбедување материјали, односно литература за сите нејзини предмети, а на ова прашање таа и натаму работи.

Кандидатката била ментор на дипломски труд. Проф. д-р Татјана Филиповска учествувала како член во Комисија за оцена и одбрана на дваесет и шест дипломски трудови, шест магистерски трудови и на две докторски дисертации. Таа е ментор на докторската дисертација на кандидатката Маја Атанасова на тема „Развој на графичките техники во европската нововековна уметност", која е сè уште во тек на изработка.

Иако во табелите на анекс 2 не е предвидена како бодувана активност, овде треба да спомeнеме дека д-р Филиповска била рецензент на монографијата „Вељо Ташовски", чиј автор е проф. д-р Владимир Величковски (15. 05.2014) и на уметничкиот каталог „Историски слики со историска тематика во Музејот на македонската борба", од истиот автор (16.01.2014).

Врз основа на Правилникот за критериуми и постапка за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти -докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" (Универзитетски гласник бр. 274 од 31.12.2013), констатираме дека д-р Татјана Филиповска остварила 83.65 бода во делот на наставно-образовната дејност, со што двојно го надминува лимитот на пропишаните критериуми за избор во звањето редовен професор.

## Научноистражувачка дејност

Д-р професор Татјана Филиповска има објавено вкупно осум научни трудови од областа Општа нововековна уметност: една монографија, два труда со оригинален научен придонес во научни списанија со меѓународен уредувачки одбор, четири труда со оригинални научни резултати, објавени во зборници на трудови од научни собири со меѓународен уредувачки одбор и еден труд во зборник на високообразовна установа. Во периодот од последниот избор Филиповска учествувала со свои излагања на два меѓународни научни собири.

Професор д-р Татјана Филиповска долг низ години се бави со истражувања од областа на италијанската уметност на модерното доба, особено на венецијанското сликарство на XVIII век, во чии рамки ги лоцира и анализира врските на ликовната уметност со литературата и со сценските уметности. Исто така нејзино поле на интерес е социолошко-анрополошкиот аспект на нововековната уметност, како и идеологијата во европската ликовна сфера, што е предмет на нејзината последна книга „Идеологијата и општествената ангажираност на европската ликовна уметност во модерното доба (ренесанса и барок)".

Поголемиот број научни трудови на кандидатката, објавени од последниот конкурс, се резултат на нејзините истражувања, поттикнати од новите предмети чии силабуси ги креирала за трите циклуси на студии. Во нив интересот на Филиповска е насочен кон иконографијата, а особено кон античките класични влијанија, ликовни и во доменот на религијата и литературата, врз тематскиот избор и ликовните решенија во рамките на западноевропската нововековна уметност. Професор д-р Татјана Филиповска е единствен истражувач и автор кај нас, ориентиран кон овие специфични сфери на историјата на италијанската и општо европската уметност.

До последниот избор проф. д-р Татјана Филиповска била на повеќе студиски престои во странство (Србија, Бугарија, два пати во Италија, 1995 и 1998) и учествувала во неколку меѓународни проекти, сите од програмите на ТЕМПУС. Нејзин последен ангажман од овој вид е учеството (со посредство на издавачка куќа) на годишниот конкурс за финансирање на проекти од национален интерес во културата за 2015 година, од областа на литературата и издавачката дејност, распишан на 1.09.2014 година. Резултат од овој проект е монографскиот труд на Филиповска со наслов „ Идеологијата и општествената ангажираност на европската ликовна уметност во модерното доба (ренесанса и барок)".

Врз основа на Правилникот за критериуми и постапка за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти -докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (Универзитетски гласник бр. 274 од 31.12.2013), констатираме дека д-р Татјана Филиповска остварила 37 бода во делот на научно-истражувачката дејност, со што ги задоволува пропишаните критериуми за избор во звањето редовен професор.

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Проф. д-р Татјана Филиповска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Филозофскиот факултет на кој е вработена. Била раководител на постдипломските студии на насоката Историја на уметноста на Институтот за историја на уметноста и археологија во време на четири годишен мандат (2009-2013). Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи при Филозофскиот факултет:

- Комисија за научноистражувачка дејност на Филозофскиот факултет (2011-2015);
- Прв член на поткомисија за евалуација.

Проф. д-р Татјана Филиповска била член на Рецензионата комисија за избор и преизбор во стручни звања во обласа на историјата на уметноста при Министерството за култура на Република Македонија.

Д-р Татјана Филиповска остварила 12 бода во доменот на стручно-апликативната дејност и дејност од поширок интерес, со што ги задоволува пропишаните критериуми за избор во звањето редовен професор.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатката проф. д-р Татјана Филиповска, учебната 2013/2014 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Институтот за историја на уметноста и археологија на Филозофскиот факултет.

## Заклучок и предлог

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на проф. д-р Татјана Филиповска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека проф. д-р Татјана Филиповска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-

стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во научните области: Уметност на ренесансата-општа, Уметност на барокот-општа, Уметност на класицизмот-општа, Уметност на романтизмот-општа, Уметност на реализмот-општа.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Татјана Филиповска да биде избрана во звањето **редовен професор** во научните области: Уметност на ренесансата-општа, Уметност на барокот-општа, Уметност на класицизмот-општа, Уметност на романтизмот-општа, Уметност на реализмот-општа.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**1.Проф. д-р Владимир Величковски**

**2. Проф. д-р Елизабета Димитрова**

**3. Проф. д-р Сашо Коруновски**

*Анекс 2*

# ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Татјана Борислав Филиповска
(име, татково име и презиме)

**Институција:** Филозофски факултет, Институт за историја на уметноста и археологија
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА (Уметност на ренесансата-општа, Уметност на барокот-општа, Уметност на класицизмот-општа, Уметност на романтизмот-општа, Уметност на реализмот-општа)

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на настава од прв циклус: | 0.04 |
| | Историја на европската уметност на новиот век 1, зимски семестар 2010/2011 фонд 4 часа неделно предавања (задолжителен) | 2.4 |
| | Историја на европската уметност на новиот век 2, летен семестар 2010/2011, фонд четири часа неделно предавања (задолжителен) | 2.4 |
| | Историја на европската уметност на новиот век 1, зимски семестар 2011/2012, фонд 4 часа неделно предавања (задолжителен) | 2.4 |
| | Историја на европската уметност на новиот век 2, летен семестар 2011/2012 фонд 4 часа неделно предавања (задолжителен) | 2.4 |
| | Историја на европската уметност на новиот век 1, зимски семестар 2012/2013, фонд 4 часа неделно предавања (задолжителен) | 2.4 |
| | Историја на европската уметност на новиот век 2, летен семестар 2012/2013, фонд 4 часа неделно предавања (задолжителен) | 2.4 |
| | Историја на европската уметност на новиот век 1, зимски семестар 2013/2014, фонд 4 часа неделно предавања (задолжителен) | 2.4 |
| | Историја на европската уметност на новиот век 2, летен семестар 2013/2014, фонд 4 часа неделно предавања (задолжителен) | 2.4 |
| | Историја на европската уметност на новиот век 1, зимски семестар 2014/2015, фонд 4 часа неделно предавања (задолжителен) | 2.4 |
| | Историја на европската уметност на новиот век 2, летен семестар 2014/2015, фонд 4 часа неделно предавања (задолжителен) | 2.4 |
| | Историја на италијанската уметност на модерното доба, летен семестар 2011/2012, фонд 3 часа неделно предавања (изборен) | 1.8 |
| | Историја европската уметност на 19 век, зимски семестар 2012/2013, фонд 3 часа неделно предавања (изборен) | 1.8 |
| | Историја европската уметност на 19 век, зимски семестар 2013/2014, фонд 3 часа неделно предавања (изборен) | 1.8 |
| | Историја европската уметност на 19 век, зимски семестар 2014/2015, фонд 3 часа неделно предавања (изборен) | 1.8 |
| | Европската уметност низ призмата на класичната археологија, зимски семестар 2014/2015, фонд 2 часа неделно предавања (изборен) | 1.2 |
| 2. | Одржување на настава од втор циклус | 0.05 |
| | Методологија на научната работа, зимски семестар 2010/2011, | 0.4 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | вкупен фонд од 8 часа, одржани на 26 и 27. 11. 2010 (задолжителен) | |
| | Историја на уметноста (3-20 век), зимски семестар 2010/2011, вкупен фонд од 8 часа, одржани на 10 и 11.12. 2010, (задолжителен) | 0.4 |
| | Историја на западноевропската уметност на новиот век 1 и 2, пет менторски часа за докфалификација на постдипломец Ана Таневска, индекс 4244/11, одржани на 5.03. 2012. | 0.25 |
| 3. | Одржување на вежби | 0.03 |
| | Сите предходно наведени едносеместрални предмети предвидуваат два часа вежби неделно, значи 15 (15 недели по 2 по 0.03) | 13.5 |
| 4. | Подготовка на нов предмет – предавања и вежби | 1 +0.5 |
| | Историја на италијанската уметност на модерното доба (изборен) | 1+0.5 |
| | Историја на европската уметност на 19. век (изборен) | 1+0.5 |
| | Историја на европската уметност на 19 век (задолжителен) | 1+0.5 |
| | Европската уметност низ призмата на класичната археологија | 1+0.5 |
| | Ренесансната и барокна уметност на Балканот (изборен) | 1+0.5 |
| | Митологија, религија и идеологија во европската нововековна уметност (втор циклус, изборен) | 1+0.5 |
| | Книжевноста и ликовните уметности во нововековната уметност (втор циклус, изборен) | 1+0.5 |
| | Идеологијата и ангажираноста во европската нововековна уметност (трет циклус, изборен) | 1+0.5 |
| | Сликарството и сценските уметности во европскиот нов век (трет циклус, изборен) | 1+0.5 |
| | Венецијанското сликарство на 18 век (трет циклус, изборен) | 1+0.5 |
| | Методологија на научните истражувања (трет циклус, задолжителен) | 1+0.5 |
| | Европска визуелна култура (трет циклус, изборен за докторандите на УКИМ) | 1+0.5 |
| 5. | Консултации со студенти | 0.002 |
| | Сите наведени предмети од прв циклус во десет семестри, секој семестар по 50 студенти во просек од предмет на консултации = 15 *(50 *0.002) | 1.5 |
| 6. | Ментор на дипломска работа | 0.2 |
| | Кандидат Зора Илиева, одбрана во септември 2014 | 0.2 |
| 7. | Член на комисија за одбрана или оцена на дипломска работа | 0.1 |
| | Вкупно 26 оцени и одбрани на дипломски трудови, значи 26*2*0.1 | 5.2 |
| 8. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат | 0.5 |
| | Член на комисија за оцена на докторскиот труд на Мицаит Положани „Социјалистичкиот реализам (1945-1950) во Југославија, Албанија и Бугарија", со одлука од 14.09.2010 | 0.5 |
| | Член на комисија за одбрана на докторскиот труд на Мицаит Положани „Социјалистичкиот реализам (1945-1950) во Југославија, Албанија и Бугарија", одбранета на 20.01.2011 | 0.5 |
| | Член на комисија за оцена на докторскиот труд на Марија Ветероска Трпкоски „Типографијата и македонскиот дизајн (1945-2000)" со одлука од 1.07.2014 | 0.5 |
| | Член на комисија за одбрана на докторскиот труд на Марија Ветероска Трпкоски „Типографијата и македонскиот дизајн (1945-2000)", одбранета на 29.09.2014. | 0.5 |
| 9. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд | 0.3 |
| | Член на комисија за оцена на магистерскиот труд на Љубен Пауновски „Експресионизмот во современата македонска уметност", со одлука од 20. 12.2010. | 0.3 |
| | Член на комисија за одбрана на магистерскиот труд на Љубен Пауновски „Експресионизмот во современата македонска уметност", | 0.3 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | одбранета на 9.02.2011. | |
| | Член на комисија за оцена на магистерскиот труд на Елена Тодевска „Творештвото на жените уметници во македонија од 1945 до 2000 година", со одлука од 16.05.2012. | 0.3 |
| | Член на комисија за одбрана на магистерскиот труд на Елена Тодевска „Творештвото на жените уметници во македонија од 1945 до 2000 година", одбранета на 29.06.2012. | 0.3 |
| | Член на комисија за оцена на магистерскиот труд на Орце Нинески „Политички ангажирана уметност (Дикс, Пикасо, Ривера), со одлука од 16.05.2012. | 0.3 |
| | Член на комисија за оцена на магистерскиот труд на Орце Нинески „Политички ангажирана уметност (Дикс, Пикасо, Ривера), одбранета на 29.06.2012. | 0.3 |
| | Член на комисија за оцена на магистерскиот труд на Делал Керра Тут „Уметноста на инсталацијата во Р. Турција од 1970 до 2000 година", со одлука од 26.02.2014. | 0.3 |
| | Член на комисија за одбрана на магистерскиот труд на Делал Керра Тут „Уметноста на инсталацијата во Р. Турција од 1970 до 2000 година", одбранета на 8.05.2014. | 0.3 |
| | Член на комисија за оцена на магистерскиот труд на Ирена Лазовска „Болката во перформанс уметноста и боди артот", со одлука од 26.02.2014. | 0.3 |
| | Член на комисија за одбрана на магистерскиот труд на Ирена Лазовска „Болката во перформанс уметноста и боди артот", одбранета на 9.05.2014. | 0.3 |
| | Член на комисија за оцена на магистерскиот труд на Љубица Коцева „Млади англиски уметници во деветтата деценија на 20 век", со одлука од 19.12.2014. | 0.3 |
| | Член на комисија за одбрана на магистерскиот труд на Љубица Коцева „Млади англиски уметници во деветтата деценија на 20 век", одбранета на 4.02.2015. | 0.3 |
| 10. | Материјали по одреден предмет | 1 |
| | Материјали за предметот Европската уметност низ призмата на класичната археологија (4 семестар, изборен, 2+2) | 1 |
| | Материјали за предметот Ренесансната и барокна уметност на Балканот (5 семестар, изборен, 2+2) | 1 |
| | **Вкупно** | 80.65 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Автор на монографија | 8 |
| | „Идеологијата и општествената ангажираност во европската ликовна уметност на модерното доба", Скопје 2015. | 8 |
| 2. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно списание | 4 |
| | **„Vitruvian Echo Through The Renaissance"**, in *Folia Archaeologica Balkanica* III, во фаза на печатење. (Меѓународен уредувачки одбор) | 4 |
| | **,,Classical Archaeology under the Auspices of European Art"**, во *Systatis* 22-23, 2013 електронско списание на здружението на класичните филолози Антика: www.systatis.org. (Меѓународен уредувачки одбор) | 4 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| 3. | Труд со оригинални научно/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научно/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор | 3 |
| | **„Ruskin on Canaletto"**, текст од учество на меѓународниот научен собир *Ruskin, Venice and Cultural Travel* (Венеција, 25-27 септември 2008), во *Зборникот на трудови* од собирот Ruskin, Venice and Nineteenth – Century Cultural Travel, edited by Keith Hanley and Emma Sdegno, Le Bricole, Collana del Dipartimento di Studi Europei e Postcoloniali, Universita Ca`Foscari Venezia, Universita Ca`Foscari Venezia, Cafoscarina 2010, 55-68. (Меѓународен уредувачки одбор) | 3 |
| | **„L`Evoluzione delle scene festive nella pittura veneziana"**, текст од учество на меѓународниот научен собир „50 години италијански студии, италијански јазик, литература и култура", одржан на 29-30 октомври 2009 година на филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје („50 anni di studi italiani, lingua, letteratura e cultura italiana"), е дел од *Зборникот на трудови* од собирот Lingua, Letteratura e cultura italiana, atti del convegno internazionale, a cura di Radica Nikodinovska, Skopje 2011, 345-365. (Меѓународен уредувачки одбор) | 3 |
| | **„Влијанието на Платоновата Академија во Фиренца и неоплатонизмот врз Западната уметност"**, текст за Зборникот на трудови во фаза на печатење, од излагањето на интернационалната конференција на тема: *2400 години од формирањето на Платоновата Академија* (25/26 окт. 2013, Скопје). (Меѓународен уредувачки одбор) | 3 |
| | **„Италијански литературно - ликовни паралели во Модерното доба"**, текст за Зборникот на трудови од учество на меѓународен научен собир *Parallelismi linguistici, letterari e culturali*, Охрид, 13-14 септември, во фаза на печатење. (Меѓународен уредувачки одбор) | 3 |
| 4. | Труд објавен во зборник на трудови на в.о. установа | 2 |
| | „Караваџо- 400 години реализам во европското сликарство", во Годишен зборник на Филозофски факултет, книга 64, Скопје 2011, 295-306. | 2 |
| 5. | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество | 2 |
| | **„Neoplatonism and the Art of the New Age"**, излагање на интернационалната конференција на тема: *2400 години од формирањето на Платоновата Академија* (25/26 окт. 2013, Скопје). | 2 |
| | **„Италијански литературно - ликовни паралели во Модерното доба"**, излагање на меѓународен научен собир *Parallelismi linguistici, letterari e culturali*, Охрид, 13-14 септември. | 2 |
| | | |
| | **Вкупно** | 34 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Стручна монографија | 8 |
| | „Идеологијата и општествената ангажираност во европската ликовна уметност на модерното доба", Скопје 2015. | 8 |
| 2. | Раководител на постдипломски студии | 2 |
| | Раководител на постдипломски студии од Историја на уметноста (2009-2013) | 2 |
| 3. | Член на факултетска комисија | 0.5 |
| | Член на Комисија за научноистражувачка дејност на Филозофски факултет (2011-2015) со одлука 02-220/4 од 19.10. 2011 | 0.5 |
| | Член на поткомисија за евалуација на Филозофски факултет со одлука бр. 02-2300/3 од 21.12.2010 | 0.5 |
| 4. | Учество во комисии и тела на државни и други органи | 1 |
| | Рецензиона комисија за избор и преизбор во стручни звања во областа на историјата на уметноста при Министерството за култура на Р. Македонија, одлука бр. 53-2201/1 од 13. 02.2013 | 1 |
| | | |
| | **Вкупно** | 12 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 80.65 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 34 |
| СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | / |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 12 |
| **Вкупно** | 126.65 |

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

1. **Проф. д-р Владимир Величковски**
2. **Проф. д-р Елизабета Димитрова**
3. **Проф. д-р Сашо Коруновски**

И-Образец 14

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Филозофски факултет**

Број: 02-1614/36
Датум: 02-07-2018 г.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 218 од од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 82/2018), Одлуката за запирање за започнати постапки за повторен избор во звање редовен професор од Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр.02-630/15 од 29. V 2018 година и член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филозофски факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274/2013 – пречистен текст), Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет на XI седницата одржана на 27.VI 2018 год., ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за стекнување на звањето редовен професор доживотно**

1. **проф. д-р Татјана Филиповска,** редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Филозофски факултет избран/а во наставно-научните области (дисциплини): уметност на ренесансата-општа, уметност на барокот-општа, уметност на класицизмот-општа, уметност на романтизмот-општа, уметност на реализмот-општа, на 27.VI 2018 година го стекнува звањето **редовен професор доживотно**.

2. Со денот на стекнување на звањето редовен професор доживотно, за наставно-научните области (дисциплини): уметност на ренесансата-општа, уметност на барокот-општа, уметност на класицизмот-општа, уметност на романтизмот-општа, уметност на реализмот-општа проф. д-р Татјана Филиповска заснова работен однос на неопределено време со Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Филозофски факултет.

**Образложение**

Д-р Татјана Филиповска, редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје –*Филозофски факултет* на 30.X 2015 година е избран/а во наставно-научното звање редовен професор. Врз основа на член 218 од од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 82/2018), Одлуката за запирање за започнати постапки за повторен избор во звање редовен професор од

Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр.02-630/15 од 29. V 2018 година, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

3. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

4. Одлуката е доставена до: именуваниот, досието, Одделението за правни и општи работи и архивата на Факултетот.

**Д Е К А Н**
на Философскиот факултет

Проф. д-р Ратко Дуев

изработил: м-р Игор Панев
проверил: Василка Наумоска
одобрил: проф. д-р Оливер Бакрески